LEARNINGOUTCOMES

Learning outcomes in adult education

# Модул 2:

## Потказт 2

## “ Менторство”



Ко-финансирано од
Европска Унија

EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych
Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe

IMPULSI
EST 2000

# “ Менторство”

Во денешно време менторството станува сѐ поважно и позначајно. Тоа не претставува само процес на пренесување на знаења и искуства, туку и врска базирана врз доверба и поддршка. Во денешно време, менторството не се одвива само во рамки на претпријатијата и индустриите, туку оди многу подалеку, станувајќи главна причина за развојот на многу поединци и заедници.

Менторството е од особена важност во ерата на инфоматиката каде имаме лесен пристап до информациите, меѓутоа споделените информации стануваат сѐ посложени. Во ова изобилство на податоци и информации, менторство нуди уникатни и вредни лични искуства, знаења и вештини кои се достапни во пишана форма или онлајн.

Претставува еден вид на интерактивен процес кој вклучува ментор кој не само што е достапен, туку и подготвен да ги сподели своето искуство, експертиза и успех со ученикот, со цел да ја зголеми неговата самодоверба и да му помогне да ги постигне посакуваните професонални цели.

Менторството е универзален процес којшто е можеби малку потежок за дефинирање и разбирање. Автори на разни публикации се обиделе да го дефинираат овој концепт, меѓутоа нвните мислења честопати се разликуваат. Генерално, ментоството може да се дефинира како врска базирана врз взаемна почит и доверба, во која менторот го споделува сопственото знаење и искуство, со цел да го поддржи личниот и професионалниот развој на ученикот. Важни елементи се способноста за градење на врска помеѓу двете страни, взаемната мотивација и јасната дефиниција на целите и очекувањата.

Менторот игра главна улога во овој процес. Добриот ментор не е само успешен професионалец, туку поседува и меки вештини кои се од основна важност за ефикасно водење на процесот на менторство.



Ко-финансирано од Европска Унија
EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe
IMPULSI EST 2000

Најнапред, потребно е да има големо познавање и практично искуство во областа за која е заинтересиран ученикот. Благодарение на ова, менторот може да понуди практични совети, примери на решенија и заклучоци од сопствените успеси и неуспеси, кои ќе бидат од непроценлива вредност за ученикот во донесувањето на деловни одлуки. Исто така, од огомна важност е фактот што менторот поседува акредитација или сертификат кои го потврдуваат неговиот професионализам, како на пример менторскиот сертификат на училиштето за бизнис ментори или акредитација од меѓународно признати организации како што е европскиот совет за ментори и тренери. Друга важна работа е фактот што добриот ментор е способен да изгради долготрајна и значајна врска со својот ученик. Овој однос треба да се темели на взаемна почит, доверба и разбирање. Квалитетот на овој однос има значително влијание врз ефикасноста на соработката помеѓу менторот и ученикот, како и врз чувството на удобност на ученикот во текот на развојниот процес. Дополнително, менторот треба да поседува способност за поставување на прашања, што бара активно слушање и чувствителност за потребите на ученикот. Преку соодветни прашања, менторот може да му помогне на ученикот да ја разгледа ситуацијата. Комуникацијата е друга важна карактеристика на менторот. Способноста јасно да обезбеди повратни информации и да го поддржи развојот на ученикот се клучни за ефикасното спроведување на менторскиот процес. Последна и подеднакво важна карактеристика на добриот ментор е неговата енергија и став. Менторот треба да биде пријателски настроен, отворен, внимателен и транспарентен, и да направи ученикот да се чувствува удобно и мотивирано.

Откако разбравме што претставува процесот на менторство и кои карактеристики треба да ги поседува менторот, исто така е важно да се разговара за улогата на ученикот, односно учесникот во процесот на менторство. Ученикот е всушност учесник во менторскиот процес, чијашто улога честопати останува маргинална, иако е подеднакво важна како и улогата на менторот. Ученикот мора да биде мотивиран за развој и подготвен за промени, како на професионален така и на личен план. Исто така, од голема важно е ученикот да биде отворен за нови искуства и промени, кои можат да произлезат од учеството во менторскиот



Ко-финансирано од Европска Унија
EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe
IMPULSI EST 2000

процес. Човечноста, трпението и прифаќањето на неуспехот се клучни особини кои можат да доведат до успех за време на менторскиот процес. Во меѓувреме, менторот има должност да го поддржи ученикот и да се осигура дека евентуалните потешкотии нема да го обесхрабруваат во понатамошниот развој.

Како заклучок, може да се каже дека е од огромна важност да се разбере сржта на процесот на менторство, како и улогите на менторот и ученикот. Менторството не претставува само пренесување на знаење и искуство, туку и градење на врска од доверба која го поддржува личниот и професионалниот развој. Менторот и ученикот треба да бидат посветени на целокупниот процес, подготвени за промени и отворени за нови искуства. Посветеноста на меѓусебно разбирање и поддршка во остварувањето на професионалните и личните цели е основа на еден успешен менторски процес.

**Извори:**

- https://www.nexto.pl/upload/virtualo/wolters_kluwer/069dc812dcfe6080e2568af9f0e7430285f36aa2/free/069dc812dcfe6080e2568af9f0e7430285f36aa2.pdf
- https://mentornow.pl/jaki-powinien-byc-mentor/
- https://www.e-mentor.edu.pl/artykul/index/numer/39/id/831
- https://kursy.cdw.edu.pl/produkt/tutoring-i-mentoring/
- https://mindthegraph.com/blog/pl/wazne-cechy-mentora/

Финансиран од Европската Унија. Сепак, искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

Сите резултати развиени како дел од проектот „LEARNING OUTCOMES in Adult Education” се достапни под отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Тие можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Забрането е копирање или обработка на овие материјали во целост или делумно без согласност на авторот. Доколку се користат резултатите, неопходно е да се наведат изворот на финансирање и неговите автори.



Ко-финансирано од Европска Унија
EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe
IMPULSI
EST 2000